Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх. знак
Рок на чување
20 год.
Потпис,

Арх.бр. УП1-15 98/2024

Дата 25-01-2024

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Илинден се издаваат **Услови за планирање на просторот за поставување на среднонапонски кабелски вод (20kV) до ТС Бунарџик 110/20 kV, КО Мршевци, КО Бунарџик, КО Бујковци, Општина Илинден.** Вкупната должина на планираната траса изнесува 5,3 км. Должината за која се издаваат Условите изнесува приближно 3,4 км.

Останатиот дел на планираната траса влегува во издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр:
- Y21607 – УП ЗА Технолошка индустриска развојна зона " Скопје 1 " во Општина Илинден:
- Y13214 – Урбанистички план за село Бунарџик, КО Бунарџик, Општина Илинден.

Планираната траса граничи со опфат на издадени Услови за планирање на простор со тех.бр.:
- Y21523 – за поставување на 10(20) kV среднонапонски електричен вод, кој поминува низ КП 916, КО Мршевци, Општина Илинден:
- Y02822 – за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште со моќност од 1,88 MW на КП 888, КП 894, КП 896 и КП 897, КО Мршевци, Општина Илинден:
- Y02922 – за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште на КП 869, КП 868/4 и КП 867, КО М ршевци, Општина Илинден:
- Y03122 – за изградба на фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП 673/3, КП 674 и КП 673/4, КО Мршевци, Општина Илинден:
- Y03022 – за изградба на фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП 666 и КП 667, КО Мршевци, општина Илинден:
- Y05022 – за изгрдаба на фотоволтаични електрани за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште, на КП 673/1, КО Мршевци, Општина Илинден:


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- Y63722 – со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Мршевци, Општина Илинден:
- Y58422 - со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП 515, КП 516/2 дел од КП 517, дел КП 518 и дел од КП 519, КО Мршевци, Општина Илинден.

Планираната траса се сече со траса на издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.:

- Y26308 – за изработка на УП за изградба на потисен цевковод на потегот Белимбегово – Бунарџик и
- Y07013 – ПИ за реконструкција на ДВ 2x100 kV ТС Скопје 1 – ТС Миладиновци.

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

**2**. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот **со тех. бр. Y54923** се составен дел на Решението.

**3**. Условите за планирање на просторот за поставување на среднонапонски кабелски вод (20kV) до ТС Бунарџик 110/20 kV, КО Мршевци, КО Бунарџик, КО Бујковци, Општина Илинден, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

**4**. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот за поставување на среднонапонски кабелски вод (20kV) до ТС Бунарџик 110/20 kV, КО Мршевци, КО Бунарџик, КО Бујковци, Општина Илинден потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконски акти донесени врз нивна основа.

**5**. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стрикното органичување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачување на квалитетот и природна плодност на земјиштето.

**6**. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за поставување на среднонапонски кабелски вод (20kV) до ТС Бунарџик 110/20 kV, КО Мршевци, КО Бунарџик, КО Бујковци, Општина Илинден, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Илинден, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 56145 од 12.10.2023 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за поставување на среднонапонски кабелски вод (20kV) до ТС Бунарџик 110/20 kV, КО Мршевци, КО Бунарџик, КО Бујковци, Општина Илинден. Вкупната должина на планираната траса изнесува 5,3 км, а Должината за која се издаваат Условите изнесува приближно 3,4 км.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за поставување на среднонапонски кабелски вод (20kV) до ТС Бунарџик 110/20 kV, КО Мршевци, КО Бунарџик, КО Бујковци, Општина Илинден и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 98/2023 од 17.01.2024 година.

Условите за планирање на просторот **за поставување на среднонапонски кабелски вод (20kV) до ТС Бунарџик 110/20 kV, КО Мршевци, КО Бунарџик, КО Бујковци, Општина Илинден** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Република Северна Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Скопје — Republika e Maqedonisë së Veriut, Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Shkup

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk